**Третонаградена, Симона Видановска**

„Еднаш Плутрах рекол: „Умот не е сад кој треба да се наполни туку оган кој треба да се потпали”.
Во изминатиот период во кој сме затекнати од различни ветрови, виори, промени, зарем не размислуваме дека на ветрот му треба само едно малечко жарче за да направи пожар? А, ние, ние ги имаме во изобилство. Со нив можеме да направиме пожар само често размислуваме дека треба да се обединиме во разликите.

Знаете, Европската Унија не толерира само седење во фотелја и решавање за судбината на милиони.
Да, драги мои самите знаете дека некој седи во фотелја и тура вода врз нашиот оган. Ама, не се сетиле, не се сетиле дека на патот кон нашата цел ние сме камелеон. Не се сетиле дека ние можеме да бидеме се што добриот разум ни кажува. Дали ќе ги искористиме нашите шанси или не, без тоа да го сфатиме како притисок зависи само од нас. Ние треба да се разбудиме од овај сон, од сонот кој ни отвара врата кон една друга иронија различна од нашата. Во нашата иронија се поставуваат прашањата: Што бираме ние? Кого бираме ние?. Ние бираме некој кој не обединува во разликите, кој дава критериуми да се обединуваме со различни просеци. Некој на кој му дозволуваме да не понижува.

Демократијата ни е света, а образованието најважно! А ние што направивме? Ги изгубивме! А, сигурни сме, сигурни сме дека сме подготвени за Европска Унија затоа што ние се разликуваме од сите земји членки во Европската Унија. Се чини дека ние имаме најмногу високо образовани кадри од сите земји членки на унијата, а најмалку знаење. Ние имаме реки, езера, патишта полни со отпадоци, највисоко ниво на невработеност, задолженост. И не си веруваме на слушнатото како сеуште ни го одбиваат барањето за членство во Унијата.

Ама заборавивме, во Европската Унија не постои критериум за влегување со партиска книшка. Каде ни е разумот сега? Каде сме ние?

Ние денес ги криеме нашите недостатоци зад параванот како што вешто сакаме зад параванот на Европската Унија да ги скриеме нашите недостатоци како држава. Ние сме она што сме, нам ни треба време да го достигнеме она што државите членки на Унијата го постигнале низ годините. Нам ни треба време да се прифатиме самите себе, нашата реалност и вистина, ама не со криење зад параванот.

За успех треба добар план и време. Нашата генерација е генерација со огромна одговорност. Тоа е чест. Чест е да се биде дел од оваа мисија. Сега водиме погрешшна битка на погрешна територија, за членство во нешто во кое не можеме да функционираме.

Тоа сме ние, ние тука ќе се обединиме во разликите, ќе се договараме и работиме. И, јас верувам, верувам дека ќе успееме.

А, ние, ние очекуваме дека членството во Унијата ќе ни ја разбуди свеста.

А, каде ни е свеста сега?

Каде ни е волјата да станеме и да речеме: Доста беше, станете од фотелјите, оставете ги куферите со милионите, народот ја побара демократијата назад!“